Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 14 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на петтата редовна седница, одржана на ден 26.12.2025 година, донесе:

# **П Р О Г Р А М А**

## **за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2026 година**

Со Програмата се опфатени активностите на општината во 2026 година на планот на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на системи за водоснабдување на населените места и изградбата на фекални канализации во истите.

**Канализација**

Согласно договорот на Општина Валандово и Министерството за животна средина и просторно планирање со средства во износ од 21.167.000,00 денари обезбедени од Влада на Република С. Македонија се реализира проектот „Основен проект за дел од колектор за град Валандово, дел 1“ во Општина Валандово.

Обезбедени се средства во износ од 3.500.000,00 денари за „Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли“, преку конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година од Министерството за животна средина и просторно планирање и во тек е изработката на техничката документација. Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне и со изградба.

Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне со изградба на Пречестителна станица за отпадни води, за кој Општина Валандово претходно има изработено техничка документација со сите фази. Вкупната проектирана вреност  на овој проект е 237.132.123,26 денари.

Како подготвителна активност за изградба на канализационен систем за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води за населба Странец планирана е изработка на техничка документација.

Планирана е изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем за канилизирање на атмосферски и фекални отпадни води за село Чалакли и село Собри.

Од Буџетот на Општина Валандово ќе се направи дел од канализациониот систем за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води во село Пирава.

Во текот на 2026 година ќе се отпочне со изработка на техничка документација за реконструкција на каскадни системи за регулирање на атмосферски води во село Пирава и село Калково.

**Водовод**

Со одлука за распределба на средства донесена од Владата на Република С. Македонија, а согласно договорот склучен помеѓу Република С. Македонија и Европстката Инвестициона Банка на Општина Валандово за проектот „Изградба на водоводен систем за с. Калково, Општина Валандово“, фаза III (изградба на каптажа, доводен цевковод – крак 1 и дел од секундарна мрежа) доделени се

средства во износ од 593.371 евра во денарска противредност според средниот курс од НБРСМ. Обезбедените средства се спроведуваат преку Министерството за животна средина и просторно планирање.

Од буџетот на Општина Валандово ќе се промени дел од водоводната линија на улица Маршал Тито во Валандово.

Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне со изградба на реконструкција на доводен цевковод од постоечка пумпна станица до постоечки резервоар на град Валандово и до постоечки резервоар на с. Чалакли, главен цевковод од постоечки резервоар на град Валандово до приклучок на с. Раброво и доводен цевковод од приклучок на с. Раброво до постоечка пумпна станица во с. Дедели општина Валандово, вредноста на овој проект е 57.569.554,00 денари.

Планирана е изработка на техничка документација за Реконструкција на секундарна мрежа за водоснабдување за град Валандово.

Во наредната, 2026 година ќе се изработи техничка документација изградба на водоводен систем во населба Странец во Валандово.

За намалување на загубите со вода доколку се обезбедат финансиски средства ќе се направи замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување со Општина Валандово. Вкупната вредност на проектот е 47.644.506,00 денари.

Ќе се отпочне со Изработка на техничка документација за изградба на локален водоснабдителен систем во населените места Удово, Јосифово и Горна Маала.

Свои инвестициони активности на планот на одржувањето и надградбата на водоснабдителните и канализационите системи во општината со кои управува ЈП Комунален сервис Валандово, ќе има и јавното претпријатие преку реализација на Програмата за работа и развој на претпријатието за 2026 година.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова